Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 60, 16 мај 2011 година

мај 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно- научната област електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа транспортна механизација на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент во наставно-научната област енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент во областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области електротехника и електромашинство на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/ вонреден професор за наставно-научната област стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 27

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент/помлад асистент за подрачјето биотехнологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека - на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки за одделенска настава“ од д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕНОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВО ШТИП**

Со Одлука број 1802-100/8 од 18.4.2011 година, денесена на 44. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев во Штип, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден соработник ***помлад асистент/ асистент*** во наставно-научната област ***енологија***, во состав:

– проф. д-р Виолета Димовска – вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област лозарство, претседател;
– д-р Ана Селамовска – доцент, Земјоделски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, наставно-научна област овоштарство, член;
– проф. д-р Рубин Гулабоски – вонреден професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област хемија и биохемија - член.

По разгледување на поднесените документи, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во весникот „Дневник“ на 4.4.2011 година, за избор на еден асистент во наставно-научната област енологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се пријави кандидатот м-р Андон Крстевски, техничко-комерцијален агент во фирмата „Виновак доо” Бордо-претставништво Демир Капија, специјализирана за продажба на материјали и опрема за винарии.

***Биографски податоци***

Канидатот **м-р Андон Крстевски** е роден на 4 октомври 1984 година во Неготино, каде завршува основно образование. Средното образование го завршува во францусата паралелка при Природно-математичката гимназија „Св. Кирил и Методиј” во Неготино. Во академската 2003/2004 година се запишува на студиите по биохемија, во рамките на Науки за животот и здравјето на Универзитетот “Bordeaux 2” во Бордо, Франција. Дипломира во 2006 година и се стекнува со диплома за додипломски студии, насока Биохемија, со звање **биохемичар-истражувач**.

Во учебната 2006/2007 година се запишува на постдипломски студии по енологија на Институтот “IUVV Juyles Guyot “ во Дижон, Франција.

Магистерскиот труд со наслов *„Ефект од додавањето на екстракти од вински квасец врз антиоксидативната моќ на бело вино од сортата шардоне”*, под менторство на професорот TOURDOT-MARESHAL Raphaelle, го брани на 5 мај 2008 година и се стекнува со звање магистер-енолог.

За време на магистерските студии, кандидатот м-р Андон Крстевски престојува во две винарии, каде го поминал задолжителниот професионален стаж и тоа:

1. “Domaine Moine-Shampy”- Фиксен, Бургундија, Франција, во периодот септември-октомври 2006 година, во делот за контрола и техничка зрелост на грозјето и винификација на бело, црвено и розе вино и
2. “Domaine Des Muses”– Сиере, Швајцарија, во периодот септември-декември 2007 година во делот за винификација на црвени, бели и розе вина, лабораториски анализи и операции при полнење на вино во шише и картонска амбалажа.

Кандидатот м-р Андон Крстевски во периодот од 1 септември 2008 година до 28 февруари 2009 година е вработен како асистент-енолог во Винаријата Shateau Pape Clement –Песак-Леоњан во Бордо, а од 1 март 2009 година до 30 јуни 2009 година како енолог во Винаријата Mount Riley во регионот Малборо во Нов Зеланд.

Од 1 септември 2009 година е вработен како техничко-комерцијален агент во фирмата „Виновак доо” Бордо - претставништво Демир Капија, специјализирана за продажба на материјали и опрема за винарии, каде сѐ уште работи.

Од странски јазици, активно ги познава францускиот и англискиот јазик.

***Научноистражувачка дејност***

***Резиме на магистертскиот труд***

Магистерскиот труд на м-р Андон Крстевски со наслов „Ефект од додавањето на екстракти од вински квасец врз антиоксидативната моќ на бело вино од сортата шардоне” е од областа на винарството, каде кандидатот разработува проблеми поврзани со појавата на предвремена оксидација кај белите вина, што се карактеризира со забележлива атипична органолептична еволуција. Токму затоа, бургундските професионалци од оваа област поставија различни експерименти на повеќе локации, со цел да му се спротивстават на овој проблем. Оваа органолептична девијација од непознато потекло сѐ почесто се среќава кај белите вина што се веќе во шише. Како и во претходните години, во 2007 година беа реализирани различни проучувања, а беа поставени и дополнителни цели. Затоа, Универзитетскиот институт за лозарство и винарство „Жил Гујо“ во Дижон, во соработка со винаријата „Домен де Муз“ во Сиере, се обиде да го зајакне ова проучување, со реализација на специфичен опит врз Шардоне од областа Вале. Претставеното проучување го оценува влијанието на екстракти од квасец (при додавањето на екстракти од квасец во бело вино од сортата шардоне) врз неговата антиоксидантивна моќ. Сите параметри што ја дефинираат оксидацијата беа анализирани во текот на целиот период на винификација. Антиоксидативната моќ на ова вино, анализирана по завршување на јаболчно-млечната ферментација, не е зависна од екстрактот од квасец кога истиот е додаден по завршување на алкохолната ферментација. Дополнителна анализа врз ова вино би требало да се изврши кога истото ќе биде во напреден стадиум на еволуција, со цел да се докаже некакво евентуално влијание на горенаведениот екстракт.

***Учество на меѓународни проекти***

За време на постдипломските студии на Институтот за вино и винова лоза „Жил Гујо” во Дижон, Франција, кандидатот е раководител на два апликативни проекта и тоа:

- „Овлажители на простории“ - 2008 година (барик подруми, визби, складишта за шишиња) и
- „Стратегија за светска комуникација и имплементација на контроверзниот пијалак во Франција-RED BULL енергетски пијалак“ - 2008 година.

***Учество на стручни собири***

М-р Андон Крстевски, по покана на фирмата “M&M Famous” во Нови Сад, одржал стручно предавање и компаративна дегустација на тема: Vino I Hrast-Barrique I alternativne tehnologije, во рамките на Winexpo ‘10, III Jesenji medjunarodni festival vina, 12-13 ноември 2010 година во Нови Сад, Р.Србија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршениот преглед на поднесената документација од пријавениот кандидат за автобиографските податоци, научната и стручната активност, Рецензентската комисија констатира дека м-р Андон Крстевски со своите научни и стручни достигнувања во областа на енологијата се оспособил за наставно-научен работник. Оценувајќи ги постигнатите резултати, а согласно со законските прописи и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“, **Комисијата има чест и особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да го избере м-р Андон Крстевски во помлад асистент по предметот Енологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виолета Димовска, претседател, с.р.**
**Доцент д-р Ана Селамовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Рубин Гулабоски, член, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Андон Крстевски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| А. **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Б. **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 1. Одбранета магистерска теза | | 4 | 4 |
| 2. Студиски престој во странство | 2 | 8 | 8 |
| В. **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| 1. Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 2 | 8 | 16 |
| 2. Учество на стручен собир со реферат, усно | 1 | 1 | 1 |
| **Вкупно поени** | | | **29** |